ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ - РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

СОС линија за деца и млади

02 2465 316, 070 390 632

sos@childrensembassy.org.mk, info@childrensembassy.org.mk,

https://www.facebook.com/SOSHELPLINEMEGJASHI/

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОС ЛИНИЈАТА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ НА ДЕТСКАТА АМБАСАДА МЕЃАШИ (јануари - јуни 2021)

| | |
|---|---|
| Месеци | ***Јануари, февруари, март, април, мај, јуни*** |
| Година | ***2021*** |

## Воведни забелешки

Генерална забелешка за овој извештаен период е дека се работеше во вонредни услови на пандемија на КОВИД-19. Повиците што ги добивавме на административниот СОС телефон 02 2465 316 беа пренасочувани на мобилниот СОС телефон за деца и млади – 070 390 632.

Работата на СОС телефонот е цврсто заснована на принципите на Конвенцијата на ООН за правата на детето што ги истакнуваат правата на децата на приватност и заштита од повреда. Целта на СОС телефонот за деца и млади е да обезбеди поддршка на децата кои имаат потреба, да обезбеди форум за споделување информации и поддршка, поддршка при застапување и лобирање, промовирање на правата на детето и промоција на СОС линијата како медиум за поддршка на децата.

За прв пат по подолго време СОС телефонот функционираше со дежурства, односно беше достапен 24 часа благодарение на СОС тимот (Јулија Велковска - СОС операторка, Виолета Илиоска - супервизорка на работата на СОС телефонот и Јорданка Ч. Трајкоска - координаторка на СОС телефонот) како и групата волонтер(к)и (Клементина Добревска, Марија Ѓорѓиоска, Мимоза Костоска и Барлет Беќири,) кои несебично го вложија и го вложуваат своето време и знаење. Од оваа година во тимот волонтер(к)и на СОС телефонот за деца и млади на Детската амбасада Меѓаши

се приклучија и студенти од Институтот за психологија при Филозофскиот факултет, УКИМ, членови на Здружението на студенти по психологија „Психеско“. Работата на СОС тимот на Детската амбасада МЕЃАШИ, како и сите години наназад беше менторирана од Гордана Пирковска Змијанац, основачка и актуелна в.д. оперативна директорка на ПДАС Меѓаши.

## А. Оперативни информации

**Регион на работа**: Македонија

**Име на линијата за помош**: СОС телефон за деца и млади

**Работно време на СОС линијата**: 24/7

Постојани контакти: sos@childrensembassy.org.mk,
https://www.facebook.com/SOSHELPLINEMEGJASHI/
https://www.facebook.com/detskaambasadamegjashi https://www.facebook.com/megjashi/
**Е-маил на СОС линијата**: sos@childrensembassy.org.mk

**Контакт телефони на СОС линијата**: +389 (0)70 390 632 и/или 02 2465 316 дежурства 24/7 активен СОС телефон за деца и млади

## Б. Дојави

## 1. Основни информации за дојавите

Во овој дел даден е приказ на општи демографски податоци за случаите (возраст и пол на децата според дојавите како и етничка припадност), број на добиени дојави и број на деца кои биле опфатени со овие дојави. Во овој дел исто така е вклучен и приказ на начинот на кој што сме ги добиле дојавите – преку административниот телефон, преку Фејсбук страниците на Детската амбасада Меѓаши, преку пошта или со директно обраќање во просториите на Меѓаши.

ДОЈАВИ

Во периодот од 6 месеци, од јануари 2021 заклучно со јуни 2021добиени се вкупно **151** дојава. Вкупниот број деца и млади кои се опфатени со дојавите изнесува **223**, а дополнително се остварени **226**разговори.




КАНАЛ НА КОМУНИКАЦИЈА

Во овој 6 месечен период, комуникацијата со дојавувачите во најголем број беше остварена преку административниот (фиксен) број на Детската амбасада Меѓаши, поточно примени се **133** дојави преку телефонот, да потоа дополнително се остварат уште **223** разговори, Дојавите кои се примени по e-mail за овој период се **10**, дојави на ФБ страницата се **5**, две примени дојави се по пошта и една дојава е поднесена со лично присуство во просториите на Меѓаши .




ВОЗРАСТ

**Вкупен број на деца и млади според возраст и пол**

Графиконот дава приказ на распределеноста на децата на кои се однесувале повиците според возраст и пол.




Во однос на полот еднаква е застапеноста меѓу момчиња и девојчиња односно 100 женски и 99 машки. Во однос на возраста најголем број машки се наоѓаат во категоријата од 7-9г. и 10-12 г., додека пак женските се најбројни во возрасна група од 13-15г.

СРЕДИНА НА ЖИВЕЕЊЕ

Според средината на живеење на јавувачите, како што се гледа во **табелата** подолу, најголемиот број од нив или **197** деца живеат во урбана средини, **20** деца се опфатени со дојавите од дојавувачи кои живеат во рурална средина, непознато **6 деца .**

Табела 1. Деца/млади на кои се однесува повикот, според средината на живеење – урбана и рурална, разделени по пол за овој квартален период.

| 2021 | машки | женски | неопределени | непознато | **Вкупно по средина** |
|---|---|---|---|---|---|
| Јануари, | 16 | 8 | 0 | 3 | 27 |
| февруари, | 9 | 10 | 0 | 0 | 19 |
| Март | 14 | 14 | 0 | 3 | 31 |
| Април | 15 | 12 | 0 | 2 | 29 |
| Мај | 19 | 35 | 0 | 6 | 60 |
| Јуни | 17 | 13 | 0 | 1 | 31 |
| **Урбана** | **90** | **92** | **0** | **15** | **197** |
| Јануари, | 1 | 2 | 0 | 0 | 3 |
| февруари, | 2 | 2 | 0 | 4 | 8 |
| март | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Април | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Мај | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 |
| Јуни | 1 | 1 | 0 | 0 | 2 |
| **Рурална** | **6** | **5** | **0** | **9** | **20** |
| Јануари, | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| февруари, | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| март | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Април | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Мај | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| Јуни | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 |
| **Непознато** | **3** | **3** | **0** | **0** | **6** |
| | | | | | |
| **Вкупно по пол** | **99** | **100** | **0** | **24** | **223** |

ЈАВУВАЧИ СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

Во однос на етничката припадност на јавувачите, како што се гледа од графиконот, **124** од вкупниот број се Македонци, **10** јавувачи се Роми, **4** јавувачи се од албанска етничка припадност. Само **2** од јавувањата се од јавувачи во останати (етнички групи) и за **11** лица етничката припадност е непозната.




## 2. Приказ на податоците за прекршување на правата на децата според категорија на проблем

КАТЕГОРИИ НА ПРОБЛЕМ

Секоја дојава се бележи како еден случај, без разлика дали е барање информација или посериозен проблем, се категоризира причината во стандардизиран образец според рамката од Child Helpline International (CHI) којашто е глобална мрежа на СОС телефонски линии за деца што работат на заштита на правата на децата. СОС телефонот за деца и млади на Меѓаши е членка во мрежата од 2004 година. Постојат 11 категории на проблеми во рамката, односно прекршувања на правата на детето и секоја од добиените 151 дојава се брои во повеќе категории на проблеми во зависност од сложеноста на проблемот.




Четири најчести категории на проблеми на кои добиените дојави се однесуваат се следниве:

- **СЕМЕЈНИ ОДНОСИ – 32%**

Како и во претходните четири години, оваа категорија на проблеми се ноаѓа на врвот на причините поради кои ги добиваме дојавите. Повторувањето на прекршувањето на правото на видување на двајцата родители во континуитет во последните неколку години и опстојувањето на врвот од проблемите заради кои се јавуваат на СОС телефонот е една од причините заради кои Детската амбасада Меѓаши заедно со Народниот правобранител даде и дава поддршка на Иницијативата за заедничко и споделено родителство и нивните активности. Најголем број на деца, дури 98, се опфатени со дојавите кои се однесуваат на проблемот со прекршување на правото на детето при бракоразводни постапки и непочитување на решенијата од центрите за социјална работа, по основ видување на детето со другиот родител кој не е старател.

Особено сме загрижени за синдромот на отуѓено дете што се јавува кај децата на разведени родители, зашто има сериозни последици врз развојот на овие деца и нивната личност. Тесно поврзано со овој проблем и е проблемот на грабнување на детето од страна на еден од родителите кои се разведени, проблем кој прв пат по подолго време беше неколку пати пријавен на СОС телефонот во првата половина од 2021 година. Детската амбасада Меѓаши долго време лобираше и се залагаше за примена на Хашката Конвенција за граѓанско правни аспекти на меѓународно грабнување на деца, којашто Македонија ја потпиша во 1991 година. Оттаму во случаите на грабнување деца од еден родител,

надлежните се обврзани да постапуваат согласно Конвенцијата и на тој начин да придонесат во насока на почитување на најдобриот интерес на детето.

Ова не само што е алармантна бројка туку и опстојува како доминантна причина за јавувања на СОС линијата веќе 5 години што ни укажува дека треба да се спроведат дополнителни мерки и едукации на родителите при нивната разделба. Треба да им се обрне поголемо внимание и освестување за штетата која ја прават со нивната конфликтна меѓусебна комуникација, притоа неводејќи сметка за потребата на детето да ги сака двајцата родители подеднакво и за негов правилен развој му се неопходни љубовта и грижата од двајцата родители, освен ако не се процени поинаку. Спречувањето на видување со едниот родител води кон појава на синдромот отуѓено дете.

Со нашето долгогодишно искуство во соработката со центрите за социјална работа имавме можност да увидиме дека огромниот број случаи и недоволниот број на човечки ресурси кои треба да бидат вклучени во активно водење и следење на еден случај е клучниот проблем за ненавремено постапување и заштита на децата. Дополнителен проблем претставува и немањето соодветни обуки на вработените во постапувањето со деца како и кои се мерките што ги има центарот во негова надлежност. Ние сме отворени за соработка, за насоки со кои би можеле да дадеме поддршка и да ја подобриме ситуацијата.

- **НАСИЛСТВО – 27 %**

Во дојавите за насилство се опфатени 90 деца и се однесуваат на повеќе видови насилство:

- штетна или опасна работа, 1 дете е засегнато,
- меѓуврсничко насилство, 1 дете засегнато,
- економска експлоатација, злоупотреба на детски труд, 2 деца се засегнати,
- ментално/емоционално насилство се однесува на 21 деца,
- занемарување (негрижа), 10 деца
- физичко насилство – 33 деца се опфатени со дојавите кои се однесуваат на овој тип на насилство, што е најголем број деца од сите дојави на насилство
- сексуално насилство –засегнати се 8 деца од дојавите со кои е пријавено насилство
- неодредено/друго – 14 деца

- **ПРИСТАПНОСТ – 19%**

Вкупно 63 деца се опфатени во категоријата проблеми со пристапноста до различни услуги и институции и се однесуваат на проблеми поврзани со:

- Пристап до образование, 15 деца.

  Во оваа категорија се опфатени деца кои имале ограничен пристап до образование како резултат на немање извод од матична книга, непоседување на вакцинален картон, намалување на капацитетите на работа на градинките од ковид пандемијата, техничко помагало за следење на онлајн наставата и сл.

- Суштински потреби - основните потреби што не им се достапни на 23 деца.

  Во оваа категорија се опфатени деца кои немале можност за задоволување на најосновните потреби како храна, дом, облека и друго. Најчесто станува збор за ранливи категории семејства што живеат на прагот на сиромаштија.

- Проблеми со пристап до здравствена заштита, неможноста да се добие потребната медицинска помош, неопходна здравствена заштита, пријавени се 12 деца со ваков проблем.
- Дојави поврзани со проблеми со пристап до правни услуги – совети, потреба од правно застапување се однесуваа на 5 деца.
- Услуги за ментално здравје се однесува за 2 деца.
- Контакти поврзани со проблеми со пристап до разни социјални или економски услуги и помош, бројот на деца кои се опфатени со дојавите е 4 деца.
- Неодредено, друго 2 деца (непримање во градинка заради немање вакцинален картон)

• МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ – 10%

Иако процентот на деца категоризирани во оваа категорија на проблеми се чини мал (15 деца), сепак важноста на менталното здравје на децата во развој е многу голема и може да влијае врз севкупниот живот на детето. Во пријавените случаи се забележува дека кај децата преовладува лутина, фрустрации, емоции кои водат до агресивно однесување, а најчесто причинител за ваквата психолошка состојба кај децата е односот на родителите кои произлегува од бракоразводите. Неусогласеноста на родителите за видување, остварување контакти и средби на еден од родителите со детето или децата по разводот и по доделување на старателството на еден од родителите.

• ДРУГИ ПРОБЛЕМИ – 12%

Категориите на проблем со мал број на деца опфатени во дојавите се следните: дискриминација и ексклузија, училиште, исчезнати деца, физичко здравје, сексуалност и родов идентитет.

Во категоријата Дискриминација и ексклузија имаме регистрирани 12 случаи и во најчест случај станува збор за исклучување на детето од различни групи заради неговата здравствена состојба, но и дискриминација на етничка основа, недоразбирања меѓу возрасните и сл.

Под категорија училиште се подразбираат прашања поврзани со справување со училишните задачи и академски перформанси, проблеми, проблематичен однос или интеракција со наставник или училишни власти, што може да има негативно влијание врз детето или младата личност, врз неговата психосоцијална благосостојба. Во оваа категорија има регистрирани 11 деца.

Категориите Исчезнати деца и Физичко здравје учествуваат со по 2% во вкупниот број. Категоријата Исчезнати деца опфаќа случаи кога имаме малолетно лице кое избегало односно доброволно го напуштило домот или институцијата каде што е сместено и грабнување на дете од страна на еден родител односно семејно грабнување. Во првата половина од оваа година имаме 8 случаи во оваа категорија. Иако бројот е мал во однос на другите категории проблеми, сепак е значајно од две причини. Првата е дека ваков вид дојави прв пат се појавуваат во подолг период, а втората причина е дека во најголем дел од дојавите станува збор за грабнување деца од страна на родител (разведени родители). Во категоријата Физичко здравје се внесени проблеми на 8 случаи, а се однесуваат на ХИВ/СИДА, репродуктивно здравје и медицински проблеми.

Категорија Сексуалност и родов идентитет - Дојави поврзани со прашања поврзани со сексуалноста, сексуалната ориентација и родовиот идентитет и изразување. Регистрирани се две деца во оваа категорија.

Табела 2. Вкупниот број деца засегнати по категории на проблем за период од јануари до јуни 2021

| **Категорија на проблем** | **јануари** | **февруари** | **март** | **април** | **мај** | **јуни** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Исчезнати деца | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | 4 | 8 |
| Насилство | 6 | 9 | 12 | 13 | 33 | 17 | 90 |
| Ментално здравје | 1 | 10 | 5 | 1 | 13 | 2 | 32 |
| Физичко здравје | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 7 | 8 |
| Пристапност | 14 | 3 | 2 | 20 | 11 | 13 | 63 |
| Дискриминација и ексклузија | 1 | 0 | 2 | 9 | 0 | 0 | 12 |
| Семејни односи | 24 | 15 | 14 | 13 | 25 | 15 | 106 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Училиште | 0 | 0 | 1 | 2 | 6 | 2 | 11 |
| Сексуалност | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| **Вкупно** | **46** | **37** | **39** | **59** | **91** | **60** | **332** |

## 3. Преземени активности

Активности кои беа преземени во овој 6 месечен период во однос на наоѓање решение на проблемите искажани во дојавите, во најголем број дадени се: препораки- на **68** деца , упатувања до надлежни за спроведување на законот – **66** деца, упатувања до други институции во земјата или надвор од неа – **60** деца или млади и упатувања до советници во училиштата - на **8** деца. На **27** деца им е укажана помош со директни интервенции.

Во текот на преземањето активности за решавање на проблемите беа остварени контакти и соработка со други организации, служби и институции и во најголем број соработката беше успешна и беше најдено решение.




Во текот на постапувањето и давањето поддршка, тимот на СОС-телефонот често соработуваше со центрите за социјална работа , посебно со Интервентиот тим при скопскиот Центар, како и центрите од другите градови, Секторот за внатрешни работи, училишта, Здружението на млади правници, Коалицијата за правично судење, Прв семеен центар како и други чинители и организации заради давање подобра и поефикасна поддршка на јавувачите.

Кога станува збор за организациското водење случаи, нашата примарна цел е најдобриот интерес на детето, односно постапувањата треба да се од витално значење при донесување одлуки и спроведување активности кои се однесуваат на секое дете поединечно, но и на одредена група деца. Принципот на најдобриот интерес на детето претставува општ принцип кој во најширока смисла на зборот води кон остварување благосостојба на детето. СОС тимот е составен од различни профили на луѓе: психолози, правник, криминолог, педагог, социјален работник и од неодамна волонтер – дефектолог. Оваа тимска разноликост ни дава можност секој случај поединечно да биде разгледан од повеќе аспекти и да се изнајде најдобро решение за негово решавање.

**ОНЛАЈН ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА НАВИКИТЕ И НАЧИНИТЕ НА КОМУНИКАЦИЈА НА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ПРИ БАРАЊЕ СОВЕТ**

Во насока на постојано унапредување на работата на СОС телефонот за деца и млади и поголемо доближување до оваа целна група, Детската амбасада Меѓаши повремено прави испитувања на ставовите и мислењето на младите за својата работа. Во текот на април и мај 2021 година беше спроведено **онлајн истражување** на примерок на деца и млади на возраст од 11 до 18 години за навиките и преферираните начини на комуникација при барање совет, областите за кои имаат потреба од совет и поддршка, како и темите од нивни интерес.
Прашалникот го одговорија 431 ученик, од кои 114 Албанци и 317 Македонци (женски 247, машки 177), 287 родители, од кои 214 се женски, а 69 машки, 195 Македонци и 92 Албанци и 113 наставници, од кои 45 Албанци и 68 Македонци. Во најголем број се жени (91).

**Ученици**

Повеќе од половина од учениците се информирани за постоењето на СОС телефонот за деца и млади, а речиси никој не познава некого кој се јавил на телефонот. И подготвеноста на учениците да се јават на истиот телефон е навистина мала бидејќи сметаат дека немаат потреба, а и се чувствуваат непријатно да разговараат со некој непознат.
Онлајн наставата е најчест проблем за учениците во моментот, но не се непознати за нив ниту проблемите со спиење, чувството на тага и загриженост.
Доколку учениците имаат потреба да побараат помош за некој проблем и да се јават на СОС телефонот за деца и млади, најлесно ќе им биде да напишат порака на ФБ и Инстаграм, како и СМС порака.
За да би се јавиле на СОС телефонот, учениците имаат потреба да го знаат следното: да знаат дека е безбедно, да знаат дека ќе разговараат со експерти, да им се заштитени личните податоци, како и да знааат дека се јавуваат кај некој кој може вистински да им се помогне.

**Родители**

Најголем број од испитаните родители знаат за постоење на СОС телефонот за деца и млади, и знаат дека нивното дете **не** се јавило на истиот, како што не се јавиле ниту тие самите. Речиси две третини би го охрабриле своето дете да се јави на СОС телефонот доколку има потреба но, сеуште постои значителен процент на родители кои рекле дека не би го охрабриле. Како најчеста пречка што родителите мислат дека би ја имале децата/младите да побараат помош и да користат една ваква СОС линија за деца и млади го наведуваат стравот (од можни последици) и срамот (од околината, од другарчињата), неинформираноста и незнаењето за постоење на една ваква линија, несигурноста во себе и немањето храброст,

менталитетот и предрасудите, како и притисоците од околината и недовербата што ја имаат кон возрасните генерално.

**Наставници**

Најголем број од наставници од македонските училишта знаат дека постои СОС телефон; речиси се поделени наставниците од албанските училишта во однос на нивната информираност за постоењето на линијата. Само еден наставник познава ученик кој се јавил за помош на СОС телефонот, а повеќе од ¾ од наставниците се подготвени да ги упатат учениците да се јават на сос телефонот. Како најчести причини кои наставниците ги наведуват зошто учениците не би се јавиле на СОС телефонот се: неинформираност, страв, срам, недоверба, предрасуди, немање храброст. Никој од наставниците не побарале помош од СОС телефонот во случај кога забележале проблем кај некој од учениците. Но, сепак тие во поголем број (60%) изразија подготвеност да се јават доколку забележат проблем кој не се во можност да го решат.

**Препораки од наставниците за СОС телефонот:**

„Бројот на СОС телефонот да биде јавно достапен на сите социјални мрежи и на видни места во градовите, училиштата, кафулињата и сл. Може и мобилна апликација да се креира, за поголема и брза достапност."

„Мислам дека би било добро да има почесто прашалници за наставници, ученици, родители на одредени теми."

„Сметам дека СОС телефон е добра идеја и добро би функционирала во иднина за поддршка на младите."

„Отворете што е можно поскоро веб-страница за СОС-информации за да им помогнете на децата што е можно поскоро."

*Ова истражување е дел од проектот „Да гиземеме правата во наши раце", во партнерство со Save the Children Kosovo што е финансиски поддржан од Владата на Шведска.*

*Истражувањето беше реализирано од страна на Проф.д-р Елеонора Серафимовска и Проф.д-р Маријана Марковиќ, Универзитет Св.Кирил и Методиј, ИСППИ, Психолошка Лабораторија*.

Извештајот го подготвија:

Виолета Илиоска, *Супервизорка на СОС линијата*

Јулија Велковска*, Операторка на СОС линијата*

Марија Ѓорѓиоска, Волонтерка на СОС линијата

Јорданка Черепналкова-Трајкоска, Координаторка на СОС линијата

Уредник: Драги Змијанац, основач и претседател на ПДАС Меѓаши